РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-842/5
05-11-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 24-та седница одржана на ден 03.11.2025 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот оформен по пријава со број 12-842/1 од 24.02.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за градење на објект без одобрение за градба на ул.„---------------------------------" во Општина ---------------, односно на парцелите КП ------/--, КП -------, КП--------/-- и КП ----------/--, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што постапува друг надлежен орган - Основоното Јавно Обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-842/1 од 24.02.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет, оформен по пријава со број 12-842/1 од 24.02.2025, во која се изнесени наводи за сомневање за градење на објект без одобрение за градба на ул.„------------------------" во Општина --------------, односно на парцелите КП ---------/--, КП ---------, КП--------/-- и КП ---------/--.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, Државната комисија се обрати со Барање за доставување на информации со бр.12-842/2 од 21.03.2025 година и Ургенција со бр.12-842/3 од 19.06.2025 година до Општина ----------, од каде побара да се изврши вонреден инспекциски надзор над објектот изграден во парцелите КП ------/-, КП ------, КП------/-- и КП ------/--, на ул.„---------------------" во Општина ----------- и за

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

резултатите од извршениот надзор да ја известат ДКСК со прилог записник за констатираните состојби и преземените дејствија.
На ден 09.09.2025 година, Општина --------- достави Одговор по барањето до ДКСК, во кој се наведува следното: При увид во службената документација на доставени барања за утврдување на правен статус на бесправен објект, Општина -------- утврдила дека за објектите на наведените катастарски парцели КП ------/2, КП-------/1 и КП -------/5, е доставено барање за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект. Воедно, Општина --------- информира дека, за предметниот објект се води постапка пред Основното Јавно Обвинителство Скопје и по нивно барање, списиите од предметот се доставени за потребите на постапката.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, поради тоа што постапува друг надлежен орган, ОЈО Скопје и оттаму одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор